ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | Од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Граматички структури:<br>● показни заменки:<br>*This is…;* | Составува куси реченици со показната заменка *this* во усна и писмена форма. | **1 час**<br>**___.__.2025**<br>**Час број 13** | ***Воведна активност***<br>· Наставникот вели: „Пронајдете нешто сино." Учениците се наизменично вклучуваат и наоѓаат сини предмети, или целата класа стануваат и покажува. Активноста се повторува и со другите бои. Наставникот ги воведува розовата (pink) и сивата (grey) боја користејќи предмети од училницата.<br>·***Главни активности***<br>за презентирање на играчки и показната заменка *this* · Наставникот покажува една по една флеш-картичка. Го изговара зборот, а учениците го повторуваат во хор. Активноста се повторува три до четири пати.<br>· Потоа наставникот повторно ги покажува картичките, но овојпат учениците ги именуваат без помош.<br>· Наставникот ги закачува флеш-картичките на таблата.***Завршна активност***<br>Наставникот ги прикажува флеш-картичките на таблата и запишува број под секоја.<br>· Изговара збор, на пр. „doll" (кукла). Учениците го запишуваат соодветниот број во своите тетратки.<br>· Активноста продолжува со сите зборови поврзани со играчки.<br><br>***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дениот час. | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br>• Флеш-картички (flashcards) | -Дискусија (активно учество на час)<br><br>-изработка на картичка (картички со слика) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во покажување и изговарање на зборовите), доволно е само да се илустрираат сликовните картички.<br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | - -чек листа |

Евидентен лист пополнет на крај на часот од учениците –Чек листа

| СКАЛА НА ПРОЦЕНКА | СКАЛА НА ПРОЦЕНКА |
|---|---|
| Моето учество во групата беше<br><br>GOOD OK BAD<br><br>Правилата за граматичката форма и новиот вокабулар ги научив<br>GOOD OK BAD<br>Каде треба да се подобрам | Моето учество во групата беше<br><br>GOOD OK BAD<br><br>Правилата за граматичката форма и новиот вокабулар ги научив<br>GOOD OK BAD<br>Каде треба да се подобрам |


resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
|---|---|
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| присвојни придавки: *my/your/his/her/its;* | Разликува присвојни придавки за прво, второ и трето лице еднина во писмена и усна комуникација | **1 час**<br>**___.__.2025**<br>**Час број 14** | ***Воведна активност***<br>Наставникот повикува едно момче да излезе пред табла и да избере картичка со играчка.<br>· Ученикот ја држи картичката и ја покажува. Наставникот прашува: *What's his favourite toy?* (*Која е неговата омилена играчка?*), *What's his name?* (*Како се вика?*), *How old is he?* (*Колку години има?*)<br>· Активноста се повторува со девојче.<br>***Главни активности***<br>претставување на *his, her, he, she, he's, she's*<br>· Наставникот им дава време на учениците да ги разгледаат сликите.<br>· Показува на секое дете и го изговара неговото/нејзиното име, објаснувајќи дека под секоја слика недостига играчка.<br>· Учениците ги наоѓаат соодветните стикери и ги сечат заедно со подлогата.<br>· Наставникот ја пушта снимката. Учениците слушаат и избираат кој стикер да го залепат.<br>***Завршна активност***<br>вежбање на редоследот на зборовите<br>· Наставникот на таблата пишува прашања и одговори од лекцијата, но со измешан редослед на зборовите, на пр. *his toy computer game His favourite is*.<br>· Учениците ја средуваат реченицата така што ги | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Усни /писмени одговори (активно учество на час изработка на вежба) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | редат зборовите во правилен ред.<br>· Активноста се повторува со повеќе прашања и одговори од часот..***Рефлексија***<br><br>• Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дениот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа прилагодена од час број 1<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>**Диференцирана активност – "Пронајди и залепи"**<br>**Преглед со поддршка:** Наставникот му го пушта на ученикот видеото, но со паузи, објаснува на едноставен јазик што се случува и покажува на сликите.**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br><br>ги препишуваат зборовите точно,<br><br>правилно ставаат ✔ или ✘,<br><br>умеат да кажат *his*, *her*, *he*, *she*, *he's*, *she's* во реченица |

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Изготвил/-а: | од ООУ |
|---|---|

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Јазични функции:<br>●претставување на пријателите:<br>*Hello, I'm Iva! This is my friend. Her name's Zara.*<br><br>*A: How old is Zara?*<br>*B: She is 9 years old* | Учествува во кус дијалог за да ги претстави пријателите, членовите на семејството, соседите, формулирајќи куси реченици кои содржат присвојни придавки, показна заменка (*this*) и форми на глаголот *TO BE* во *Present Simple Tense*. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 15** | ***Воведна активност* – Наставникот:**· Избира картичка со играчка или става вистинска играчка во торба, без да ја покаже на учениците.<br>· Ја започнува активноста со реченицата: **„Ова е мојата омилена играчка. Што е тоа?“**<br>· Дава дополнителни информации, на пример: **„Не е чудовиште. Не е картинг.“**<br>· Ги охрабрува учениците да претпоставуваат и да поставуваат прашања, користејќи целосни реченици (на пр. „Is it a robot?“).<br>***Главни активности*** да се поттикнат учениците да ги забележат јазичните функции.**Наставникот:**· Ги чита упатствата и објаснува дека учениците треба да осмислат нови стихови во стилот на песната за момчето и девојчето.<br>· На таблата пишува имиња кои се римуваат со играчки, на пример:**Elaine – train,Spike – bike,Dwight – kite,Paul – ball,Moll – doll**· Ги прашува учениците: „Што прави (името)? Што има тој/таа?“· Ги води учениците низ примери, на пр.**Spike has a bike. He likes to ride.**<br>**Moll has a doll. She keeps it by her side.**<br>· Ги поттикнува учениците да работат во парови или мали групи за да создадат нови стихови користејќи слична структура.· Ја споделуваат поезијата пред класот – преку читање, пеење или драматизација· Повикува на аплауз и дава пофалба за креативноста.<br>***Завршна активност*За повторување на клучниот јазик од часот.Наставникот:**· Ги организира учениците во парови.· Им дава време да се подготват и да вежбаат пеење на новите | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | Се набљудува дали учениците препознаваат и опишуваат свои рутини и дали разбираат зошто тие се важни. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | стихови што ги напишале.· Потоа, секој пар наизменично ги изведува своите стихови пред класот.· Наставникот ги охрабрува учениците да слушаат внимателно и да забележат познати зборови и јазични обрасци.· По секоја изведба, наставникот дава позитивен коментар и пофалба, охрабрувајќи го јазичното изразување и креативноста.<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>**Диференцирана активност**<br><br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Наместо да пополнуваат од меморија, добиваат лист со можни зборови за пополнување и избираат точниот.<br><br>**За напредни ученици:**<br>– Осмислуваат сопствени стихови со нови зборови и ритам, инспирирани од песната, па ги разменуваат со друг пар за пополнување.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br>ја пополнуваат табелата точно,<br>користат меморија,<br>соработуваат во пар. |

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| придавки: *favourite, clever, smart, gifted, happy - sad, good - bad, tall - short*; | Поврзува придавки со спротивно значење во даден кус исказ или дијалог. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 16** | ***Воведна активност* За повторување на играчки и игри-Наставникот:**· Плеска двапати и кажува, на пр., **„plane“**. Учениците го повторуваат.<br>· Повторно плеска двапати и додава уште една играчка, на пр., **„plane, doll“**. Учениците повторуваат.· Продолжува со додавање една нова играчка во синџирот по секој круг, на пр.:**„plane, doll, ball“„plane, doll, ball, kite“**, итн.· Ако некој ученик погреши, наставникот љубезно ја овторува секвенцата и го поттикнува ученикот повторно да се обиде. Активноста може да се претвори во игра со елиминација или тимско натпреварување, ако се соодветни за нивото и динамиката на класот.<br><br>**Главна активност**- Да се воведат и вежбаат придавки преку опис на играчки.<br>Наставникот покажува картичка или играчка и прашува: *What's this?* Учениците одговараат: *It's a train.* Наставникот додава: *It's a green train.* Потоа воведува придавки: *big, small, long, short, old, new, beautiful, ugly*, користејќи реални играчки или цртежи. Учениците создаваат реченици, на пр. *It's a small ball.* Работат и во парови за дополнително вежбање.<br>***Завршна активност*:**<br>Да се вежбаат новите придавки користејќи стратегии за помнење.<br>**Наставникот** заедно со учениците осмислува мимика за секоја придавка (*big, small, long, short, old, new, beautiful, ugly*) и ги вежбаат заедно. Потоа наставникот | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи<br><br>Реален или играчка часовник со подвижни стрелки | **-** Набљудување (Observation)<br><br>Проверка на тетратки<br><br>Усна проверка<br><br>Чек-листа со емоции<br><br>**Наставникот** набљудува дали учениците:<br>• формулираат прашања со *Does*,<br>• даваат точни одговори според табелата. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | кажува придавка, а учениците ја изведуваат соодветната мимика. Активноста може да се повтори како игра за забавно повторување.<br>**Диференцирана активност**<br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Добиваат помошна табела со готови прашања и треба само да изберат ✔ или ✘ за одговорот<br>**За напредни ученици:**<br>– Сами формулираат нови прашања и одговори, вклучувајќи нови придавки преку опис на играчки.<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

**Чек-листа за следење на напредок**

Име и презиме: ____________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| Да формулираат придавки преку опис на играчки. | | | |
| Да даваат точни одговори според табелата. | | | |
| Да Соработува при работа во пар | | | |

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 2 Let’s play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |



resursi.literatura.mk

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:**<br><br>долги и кратки форми на глаголот *TO BE* во *Present Simple Tense*: *am/'m, is/'s, are/'re.* | Користи **долги** форми на глаголот *TO BE* во *Present Simple Tense* во куси одговори во потврдна форма. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 17** | ***Воведна активност*** Да се вежбаат придавки и нивниот редослед.**Наставникот** ги упатува учениците да ги погледнат сликите во учебникот (стр. 25, Активност 1) и вели: *Find an old pink bike.* Учениците покажуваат. Потоа работат во парови со слични инструкции.<br>Потоа наставникот вели: *Look at the pictures and remember!* – им дава 30 секунди да ги запомнат предметите, па вели: *Close your books* – и започнува игра на паметење со опис на предмети.<br>***Главни активности*** Да се повтори ликовите и да се претстави сликовната приказна.**Наставникот** ги поттикнува учениците да ги кажат имињата на четирите Супер Пријатели и ги замолува да ги имитираат нивните моќи.<br>Прашува: *What did Flash say in the previous episode?* (Одговор: *I'm sorry.*)<br>Ги прашува кои ликови ги гледаат на сликите и објаснува дека се работи за трка со картинг. Проверува дали разбираат што значи *race*, и ги учи зборовите *team* и *first* користејќи ги сликите.<br><br>**Диференцирана активност**<br><br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Добиваат лист со слики од Супер Пријателите и животните. **За напредни ученици:**<br>– Сами пишуваат кратки реченици: | табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор) | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br>• ги препознаваат ликовите,<br>• ги именуваат супермоќите,<br>• покажуваат разбирање на приказната.<br><br>на табла како пример и за финална проверка |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | – Или: измислуваат нова ситуација во која некој лик помага на друг.<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | Чек-листа: Преглед на ликови и сликовна приказна |

## Чек-листа: Преглед на ликови и сликовна приказна

Име и презиме на ученикот: ____________________________

| Активност | Да | Делумно | Не |
|---|---|---|---|
| Ги именува Супер Пријателите | | | |
| Ги имитира моќите | | | |
| Разбира race | | | |
| Користи team и first | | | |
| Се сеќава што рекол Flash | | | |
| Ги препознава ликовите во сликите | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| долги и кратки форми на глаголот *TO BE* во *Present Simple Tense*: *am/'m, is/'s, are/'re.* | Користи **кратки** форми на глаголот *TO BE* во *Present Simple Tense* во куси одговори во негативна форма. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 18** | ***Воведна активност*** Да се повтори приказната и да се истакне вредноста на фер-плеј.**Наставникот** пушта аудио од приказната додека учениците ја следат во своите учебници.<br>Потоа ги прашува: *Can you point to the parts where the children try to cheat?*<br>Учениците покажуваат сцени каде има некоректно однесување.<br><br>***Главни активности*** Да се повтори јазикот од приказната со фокус на клучни фрази и кратки форми на *to be*.**Наставникот** пишува фрази од приказната на табла:*Stop her!I'm first.That isn't fair!Congratulations!*Ги вежба со класот со соодветна интонација и истакнување на кратките форми (*I'm, isn't*).<br>Потоа ја дели класата во групи и им доделува по една фраза.<br>Учениците стануваат и се движат низ просторијата, изговарајќи ја својата фраза на секој што го сретнат.<br>Целта е да се вежба говорна флуентност и разбирање на значењето на фразите.<br><br>***Завршна активност***<br>**Наставникот:**<br>· Ги организира учениците во мали групи и објаснува која е задачата.<br>· Помага при распределбата на улогите и следи како учениците | -<br><br>Аудио-снимка од приказната<br><br>Учебници на учениците | - Го следи разбирањето и вклученоста на учениците во активноста.<br><br>· Поттикнува самодоверба и ги охрабрува групите да настапат пред класот. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | вежбаат.<br>· Дава насоки за изразување на емоции и интонација<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? (5 минути)<br><br>**Рубрика за оценување – Драматизација на приказна** | | |

**Рубрика за оценување – Драматизација на приказна**

Име и презиме: ______________________ Датум: ___________

| Критериум | ? = целосно совладано | = делумно | ? = не е совладано |
|---|---|---|---|
| Разбира текст и реплики | | | |
| Јасно зборува | | | |
| Користи емоции и интонација | | | |
| Соработува во група | | | |
| Го разбира значењето на приказната | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Граматички структури:** долги и кратки форми на глаголот *TO BE* во *Present Simple Tense*: *am/'m, is/'s, are/'re.* | Составува едноставни прашања со глаголот *TO BE* во *Present SimpleTense* во усна и писмена форма | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 19** | ***Воведна активност*** Да се повтори вокабуларот за играчки.**Наставникот** ги реди картичките со играчки на табла и црта контури околу секоја.Покажува на секоја картичка и прашува: *What's this?*, движејќи се од лево кон десно. Учениците ги именуваат играчките.Потоа наставникот трга една картичка, покажува на празното место и прашува: *What's missing?* Учениците погодуваат која играчка недостасува. Активноста се повторува со други картички.<br><br>***Главни активности*** -Да се вежба читање со разбирање и придавки.-**Наставникот** им вели на учениците внимателно да ги погледнат сликите и речениците.Објаснува дека треба да заокружат по **два збора**: *a* или *an* и **придавката**. Прави еден пример заедно со класот.Учениците ја решаваат задачата поединечно, потоа ги споредуваат одговорите во парови. Следува проверка со целата класа. Наставникот поттикнува дискусија ако има несогласувања, на пр. за тоа што е „убаво" (*beautiful*), за да се охрабри критичко размислување.<br><br>***Завршна активност*- изведување заклучок**<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во | Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | Усно проверување на познавањето на глаголите при покажување картички<br><br>Набљудување додека учениците читаат и наоѓаат специфични информации (скенирање)<br><br>Преглед на белешките за дневната рутина |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | Проверка на напишаниот текст според моделот (точност на временски изрази, редослед на активности, граматика)<br><br>Формативно следење со кратка самоевалуација |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| редни броеви од 1 до 10: *the first, the second, the third, the fourth, the fifth;* | Користи определен член пред редните броеви и разликува редни од обични броеви во писмена и усна комуникација.<br>. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 20** | ***Воведна активност*** Да се прегледаат боите и придавките<br>**Наставникот:**Избира познат предмет и вели, на пример: „Гледам нешто во оваа просторија. Големо е и црвено.“<br>· Учениците погодуваат наизменично, на пр., „Твоето биро.“<br>· Активноста се повторува со други познати предмети.<br><br>***Главни активности –*** Да се овозможи на учениците вежба за слушање на специфични информации.**Наставникот:**Им кажува на учениците внимателно да ги набљудуваат боите, сликите и броевите на **страна 129** и да кажат што гледаат.Поставува прашања како:– Колку играчки / бои / броеви гледате?– Која боја е (змејот)?Ги чита имињата на децата на глас. Учениците ги повторуваат сè додека не се запознаат со изговорот.Им објаснува дека ќе слушаат разговор со Руби, а потоа со Нејтан.Објаснува дека жената ќе ги прашува за нивните омилени работи.<br><br>**Форма на работа:**<br>Индивидуална работа со писмено извршување на задачата. По завршување, учениците можат да ги споделат одговорите во парови или пред цел клас за проверка.<br><br>***Завршна активност-*** | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** при читање, пишување и говорни вежби.<br><br>**Прашања:** за проверка на разбирање (на пр. „Кога станува Сем?“).<br><br>**Усни излагања:** со повратна информација.<br><br>**Писмена проверка:** на белешки и текстови.<br><br>**Самоевалуација:** со кратка чек листа или 2–3 |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Вреднување на ученичката работа преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуација<br>**Инструмент:** чек-листа со визуелен приказ (семафор)<br><br>**Рефлексија -**Поттикнувачки прашања за размислување:<br><br>• Што работевме денес?<br>• Како се чувствував за време на активностите?<br>• Што ново научив?<br>• Каде и како можам да го применам наученото во секојдневниот живот?<br><br>**Диференцирани активности:**<br>За ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка:<br>Се користат прилагодени наставни средства (визуелни, тактилни, картички, предмети за манипулација) за олеснување на разбирањето и практикување на содржината.За ученици кои покажуваат повисоко ниво на разбирање:Добиваат задача за самостојна и креативна примена на знаењето преку составување текст, решавање проблем, истражување или презентација. | | рефлексивни прашања.<br><br>- Формативно следење преку набљудување и проверка на пополнетата табела. За напредни ученици – дополнителна задача: да состават реченици |



resursi.literatura.mk

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| придавки: *favourite, clever, smart, gifted, happy - sad, good - bad, tall - short*; | Поврзува придавки со спротивно значење во даден кус исказ или дијалог | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 21** | ***Воведна активност*** Да се подигне свеста за облици и да се претставаат нивните имињa**Наставникот:**<br>· Црта круг и квадрат на таблата и ја воведува зборот *shape* (облик).<br>· Ја објаснува разликата меѓу круг и квадрат и ги именува формите на англиски:– *This is a circle.– This is a square.*· Поттикнува учениците да ги повторуваат зборовите и да покажуваат примери од росторијата доколку има предмети со тие форми.<br><br>***Главни активности*** Да се вежба читање и препознавање облици, бои и придавки**Наставникот:**Го воведува зборот *brown* (кафеаво) користејќи предмети од училницата (на пример, врата, маса или чанта).Го чита првиот пример од задачата на глас и ја извлекува точната боја и облик заедно со учениците.Учениците самостојно ја извршуваат задачата за спарување, гледајќи ги облиците во **Активност 1**.Се проверуваат одговорите со целата класа, поттикнувајќи ги учениците да објаснат зошто ги избрале тие одговори.<br>***Завршна активност- изведување заклучок***<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека ученик чита и останатите следат визуелно.<br><br>**Прашања:** за разбирање на текстот и препознавање на римските броеви.<br><br>**Усна проверка:** ученици именуваат римски броеви што ги препознале. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **Кратка проверка:** ученик покажува број, останатите го именуваат. |

## Чек-листа за следење: Облици, Бои и Придавки

| Цел на учење | Да | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| Го препознава и именува обликот (circle, square, triangle) | | | |
| Го препознава и именува бојата (red, blue, yellow, brown) | | | |
| Го користи зборот shape во реченица | | | |



resursi.literatura.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Препознава придавки поврзани со бои и големина (big, small, red, blue) | | | |

| | |
|---|---|
| Предмет: Англиски јазик | |
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| правилна множина кај именките: *school - schools; classroom - classrooms, book - books, pencil - pencils;* | Разликува еднина и множина кај именките во писмена и усна комуникација. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 22** | ***Воведна активност*** **да се воведе поимот што претставува**<br>**Преглед на облици за опишување играчки**<br>**Наставникот**· Црта облици на табла и ги повторува (circle, square...).· Пишува: **What do toys look like?**· Покажува играчки или флаш-картички.· Праша: *What shape is it? What colour? Big or small?*<br>· Користи множина: *These are balls. They are round..*<br>***Главни активности***<br>**Препознавање и опишување облици кај играчки**<br>**Наставникот:**<br>· Ја чита прашањето 1 и ги покажува примерите во облачињата. Ги извлекува имињата на играчките.<br>· Учениците работат во парови и разговараат за секоја играчка. Избира парови да ги споделат своите идеи.<br>· Ја чита прашањето 2. Повикува волонтер да покаже облик во училницата и каже: *Look! Squares!*<br>· Поттикнува употреба на множина: *These are triangles. / Those are circles.****Завршна активност***<br>**да се повтори што научиле учениците на часот**<br>· Наставникот го запишува следниот поттик на табла: **Today I've ...**<br>· Ги прашува учениците што направиле денес, на пр.: *learned about* | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека ученик чита и останатите следат визуелно.<br><br>**Прашања:** за разбирање на текстот и препознавање на римските броеви.<br><br>**Усна проверка:** ученици именуваат римски броеви |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | · Ги запишува одговорите на таблата. Учениците ги препишуваат реченициите во нивните тетратки<br>**Вреднување на ученичката работа преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуација<br>**Инструмент:** чек-листа со визуелен приказ (семафор)<br><br>**Рефлексија**<br>Поттикнувачки прашања за размислување:<br>• Што работевме денес?<br>• Како се чувствував за време на активностите?<br>• Што ново научив?<br>• Каде и како можам да го применам наученото во секојдневниот живот?<br><br>**Диференцирани активности:**<br>За ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка:<br>Се користат прилагодени наставни средства (визуелни, тактилни, картички, предмети за манипулација) за олеснување на разбирањето и практикување на содржината.<br><br>За ученици кои покажуваат повисоко ниво на разбирање:<br>Добиваат задача за самостојна и креативна примена на знаењето преку составување текст, решавање проблем, истражување или презентација. | | што ги препознале.<br><br>**Кратка проверка:** ученик покажува број, останатите го именуваат. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| заповеден начин: *Keep our local park clean! Don't sit on these flowers*!; | Ги применува соодветните граматички структури за искажување на заповеден начин во потврдна и одречна форма во различен пишан, односно устен контекст. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 23** | ***Воведна активност*** **Преглед на инструкции-Наставникот:**<br>· Дава едноставни инструкции, на пр.:– *Point to a square.* – *Hold up a rectangle.*· Учениците ги извршуваат инструкциите користејќи предмети или покажувајќи на таблата.· Може да вклучи и множина:– *Show me two circles.* – *Find three triangles.*<br>***Главни активности***<br>**Вежба: Слушање и следење инструкции**<br>**Наставникот:**· Им кажува на учениците да ги погледнат сликите и да кажат што гледаат (на пр. *boy, paper, plane*).<br>· Објаснува дека сликите не се во правилен ред, но раскажуваат кратка приказна за момчето и неговиот авион.<br>· Поставува прашања за разбирање и поттикнува учениците да ги наредат сликите по логичен редослед според слушање.<br><br>***Завршна активност-*** **изведување заклучок**<br>**Активност: Лет на хартиени авиони или змејови**<br>**Наставникот:**· Ги води учениците во училишниот двор или салата.· Учениците во парови или мали групи ги пуштаат своите авиони/змејови.· Ги поттикнува да | Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Активно учество во активноста**<br><br>.<br><br>**Поставување прашања**<br><br>**Користење научен вокабулар и граматика**<br><br>**Комуникација со повеќе партнери**<br><br>чек-листа: Хартие |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | кажуваат фрази како:– *Fly your plane/kite!*<br>– *Where's the/my/your plane?– Look! It's flying!*партнери.<br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на поракта), доволно е само да се илустрира.<br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | ни авиони/ змејови |

## чек-листа: Хартиени авиони/змејови

Име и презиме на ученикот: ____________________________

| Цел на учење | Да | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| Го следи редоследот на сликите од приказната | | | |
| Изработува хартиен авион или змеј | | | |
| Работи во пар или група | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 2 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Користи фрази како Fly your plane/kite! | | | |
| Поставува прашања: Where's the/my/your …? | | | |

| | |
|---|---|
| Предмет: Англиски јазик | |
| Тема: Unit 2 Let's play 12 часа | Време за реализација: октомври 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| прашални зборови: *How many/ How much*; | Разликува примена на *How many* и *How much* во прашања за количество и соодветно ги поврзува со одреден број усвоени бројни, односно небројни именки. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 24** | ***Воведна активност***<br>**Активност: Изразување на лични преференции**<br>**Наставникот:**<br>· Ги прашува учениците: *What's your favourite activity from the unit?*<br>· Запишува неколку одговори на таблата и организира гласање.<br>· Ја повторува најпопуларната активност со целата класа (на пр. песна, игра или практична задача).<br><br>***Главни активности***<br>**Преглед на изговор и правопис на вокабулар**<br>**Наставникот:**<br>· Учениците пишуваат ознаки (labels) под сликите што ги нацртале во **Активност 1**. Наставникот проверува правопис.<br>· Во парови, учениците се менуваат – едниот покажува слика, другиот го кажува зборот.<br>· Поттикнува точен изговор и корекција по потреба.<br><br>***Завршна активност***<br>**да се овозможи на учениците да ги изразат своите преференции**<br>· Наставникот ги прашува учениците која им е омилена активност од | **-**<br><br>Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека учениците го решаваат квизот самостојно.<br><br>**Проверка на одговори:** заеднички или индивидуално, со објаснување на точните решенија.<br><br>**Белешки на наставникот:** за тоа кои ученици покажуваат |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | единицата (на пр. песната, ритмичката песничка или некоја игра).<br>· Се организира гласање во класот.<br>· Наставникот ја повторува најпопуларната активност со учениците.<br>***Рефлексија*- изведување заклучок**<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?<br><br>**Формативна и сумативна оценка:** преку квизот како алатка за проценка на усвоеност на содржината од единицата | | сигурност и кои имаат потешкотии.<br><br>**Повратна активност:** кратка дискусија – *Кое прашање ви беше најлесно? А најтешко?*<br><br>**Формативна оценка:** преку квизот како алатка за проценка на усвоеност на содржината од единицата. |



resursi.literatura.mk